РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-673
04.04.2018 година
СКОПЈЕ

Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 19-04-2018
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 08 | 106/31 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на двегодишни студии по Корпоративна безбедност и безбедносен менаџмент на Филозофски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа студиската програма од втор циклус на двегодишни студии по Корпоративна безбедност и безбедносен менаџмент на Филозофски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 09-232/15 од 07.03.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-673 од 08.03.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на двегодишни студии по Корпоративна безбедност и безбедносен менаџмент на Филозофски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација бр. 1409-262/3 од 23.02.2018 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-673 од 22.03.2018 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус студија наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 28.03.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-673 од 29.03.2018 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус на двегодишни студии по Корпоративна безбедност и безбедносен менаџмент на Филозофски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
проф. д-р Рената Дескоска

Република Македонија
Министерство за образование и наука
Скопје

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14- 673
04.04.2018 година
СКОПЈЕ

Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
СКОПЈЕ
Примено: 10.04.2018
08 1006/30

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на едногодишни студии по Корпоративна безбедност и безбедносен менаџмент на Филозофски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа студиската програма од втор циклус на едногодишни студии по Корпоративна безбедност и безбедносен менаџмент на Филозофски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 09-232/15 од 07.03.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-673 од 08.03.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на едногодишни студии по Корпоративна безбедност и безбедносен менаџмент на Филозофски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација бр. 1409-262/2 од 23.02.2018 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-673 од 22.03.2018 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус студија наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 28.03.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-673 од 29.03.2018 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус на едногодишни студии по Корпоративна безбедност и безбедносен менаџмент на Филозофски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
проф. д-р Рената Дескоска

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити